До
Сите заинтересирани страни

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА УСЛОВИ

Почитувани,
Ве известуваме дека објавените пречистени текстови на Условите се врз основа на измените и дополнувањата на постојните услови.
Измените и дополнувањата на Условите се донесени со Одлуката на Управниот одбор на Друштвото Арх.бр. 16576/0202/1/22 од 19.12.2022 година како што следи:

1. Посебни Услови за комбинирано осигурување на станови и ствари во домаќинството
Во член 17, ЗЕМЈОТРЕС, наслов Исклучувања, во ставот 2 во целост се брише точката:
„6. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“
Постојните точки 7 и 8 стануваат 6 и 7.
Член 25, ПРАВНА ПОУКА, се менува и гласи:
„Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.“
2. Услови за осигурување на објекти во градба
Во член 24, ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (7) во првата реченица пред зборот „унишување“ се додава зборот „оштетување,“ .
Во член 24, ЗЕМЈОТРЕС, наслов Исклучувања, во ставот 2 во целост се брише точката:
„6. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“
Постојните точки 7 и 8 стануваат 6 и 7.
Во член 36, ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, наслов Решавање на спорови, зборовите „Основен суд Скопје 2 Скопје“ се менуваат и гласат „Основниот граѓански суд Скопје“.
3. Услови за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности
Во член 14, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ, во ставот (3) во целост се брише точката:
„10) Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“
Постојната точка 11 станува 10.
Во член 20. ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (7) во првата реченица пред зборот “унишување“ се додава зборот „оштетување,“.
Во член 24, наслов Исклучувања, во ставот 2 во целост се брише точката:
„6. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“
Постојните точки 7 и 8 стануваат 6 и 7.
Во член 30, ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, наслов Решавање на спорови, зборовите „Основен суд Скопје 2 Скопје“ се менуваат и гласат „Основниот граѓански суд Скопје“.
4. Услови за осигурување имот на физички лица
Во член 17, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ (РИЗИК) ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (7) во првата реченица пред зборот „унишување“ се додава зборот „оштетување,“ .
Во член 17, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ (РИЗИК) ЗЕМЈОТРЕС, наслов Исклучувања, во ставот 2 во целост се брише точката:
„6. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“
Постојните точки 7 и 8 стануваат 6 и 7.
Во член 29, ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, наслов Решавање на спорови, зборовите „Основен суд Скопје 2 Скопје“ се менуваат и гласат „Основниот граѓански суд Скопје“.

5. Општи услови за осигурување имот од сите опасности – ААР

Во точка 2.8, ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (7) во првата реченица пред зборот „унишување“ се додава зборот „оштетување,“

Во точка 2.8, ЗЕМЈОТРЕС, наслов Исклучувања, во ставот 2 во целост се брише точката:

„6. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект. “

Постојните точки 7 и 8 стануваат 6 и 7.

6. Посебни услови за осигурување од земјотрес

Во член 3, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ (РИЗИК) ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (6) во првата реченица пред зборот „унишување“ се додава зборот „оштетување,“ .

Во член 3, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ (РИЗИК) ЗЕМЈОТРЕС, во ставот (8) во целост се брише точката:

„9). Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежниот објект.“

Во член 11, ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, наслов Постапка по приговори, зборовите „Основен суд Скопје 2 Скопје“ се менуваат и гласат „Основниот граѓански суд Скопје“.

7. Посебни услови за осигурување на имотот на електростопански претпријатија

Во член 13, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО, во ставот (2) во првата реченица пред зборот „унишување“ се додава зборот „оштетување,“ .

Во член 13, ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО, во ставот (3) во целост се брише точката:

„10) молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежните објекти.“

Во член 27, ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, наслов Решавање на спорови, зборовите „Основен суд Скопје 2 Скопје“ се менуваат и гласат „Основниот граѓански суд Скопје“.

8. Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

Во член 10, ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ, во ставот (1) по точката 7 се додава нова точка 8 која гласи:

„Доколку причината за смртта е непозната и нема обдукционен наод, осигурувачот нема обврска за исплата на штета“.

По членот 24, РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ, Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) се менува во целост.

По членот 24, РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ,во Табелата на дневен надомест, дел XV, ЗА ПОВРЕДИ НА НОЗЕ, ставот (55) се менува и гласи:

„Дневен надомест не се определува за останатите повреди на било кој дел од телото кои не се опишани во табелата, како контузии, дистрозии, рани и слични повреди.“.

Во сите текстови на Условите кои се детално утврдени во член 1 на оваа одлука се прави измена, односно „Република Македонија„ се менува и гласи „Република Северна Македонија“ додека пак адресата на Друштвото се менува и гласи: „ул. Железничка број 41, 1000 Скопје.“ Сите останати членови во Условите детално утврдени во член 1 на оваа одлука остануваат непроменети и истите се во сила.

Објавените Услови ќе стапат во примена од 01.01.2023 година.

Со почетокот на примената на новите Услови, престануваат да важат предходните верзии на Условите.

Со почит,

Акционерското друштво за осигурување
ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје